РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer: 01-4152/1
29.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по добиените предлози за измена и дополнување на Нацрт - упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година**

Советот на Агенцијата, на својата 11 седница одржана на 24 септември 2025 година, усвои Нацрт - упатство за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година, кое беше објавено на веб страницата на Агенцијата за јавна консултација со заинтересираните страни. Консултацијата беше отворена до 16:30 часот на 25.09.2025 година.

За време на консултацијата, до Агенцијата пристигнаа два предлога за измена и дополнување на Упатството, и тоа:

- Предлог за измена/дополнување на Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година од Телевизија Сител (наш арх. број 01-4091/2 од 25.09.2025 година); и
- Претставка (Забелешки и правно мислење по повод противуставноста и политичката дискриминација на Нацрт-упатството за ППР) од политичката партија Левица (наш арх. број 01-4091/3 од 25.09.2025 година).

Советот на Агенцијата, на својата 12 седница одржана на 26 септември 2025 година, ги утврди следните ставови во врска со доставените предлози за измена и дополнување на Упатството:

- Предлог за измена/дополнување на Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година од Телевизија Сител (наш арх. број 01-4091/2 од 25.09.2025 година), што се однесува на точка 7 од Нацрт-упатството и гласи:

"Во случај на техничка грешка при емитување на спот надвор од договорените термини, радиодифузерот е должен веднаш да ја евидентира и документира грешката во интерен записник и да го коригира медиа планот. Таквата грешка нема да се смета за финансирање или донација доколку е очигледно дека станува збор за ненамерно техничко отстапување."

ПРЕДЛОГОТ НЕ СЕ ПРИФАЌА.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Точка 7 од Нацрт-упатството реферира на член 75 став 7 од Изборниот законик, односно на забраната за финансирање или за давање донации на учесниците во изборната кампања. Телевизијата бара да се направи разлика во Упатството меѓу намерно емитување платено политичко рекламирање без договор и емитување поради ненамерна техничка грешка.

Имајќи ги предвид искуството на Агенцијата од претходните изборни процеси, кога под изговор за ненамерни технички грешки, некои медиуми емитуваа, не по неколку секунди, туку по неколку часа дополнително платено политичко рекламирање, надвор од склучените договори и доставените медиа планови, како и фактот дека намерата тешко се докажува во пракса, Упатството не се измени ниту дополни во овој контекст.

При мониторингот и при разгледувањето на евентуалните вакви случаи за време на Локалните избори 2025 година, Агенцијата, како и досега, ќе направи максимално објективна проценка за тежината на прекршувањето пред да поведе прекршочна постапка како што утврдува Изборниот законик.

- Претставка (Забелешки и правно мислење по повод противуставноста и политичката дискриминација на Нацрт-упатството за ППР) од политичката партија Левица (наш арх. број 01-4091/3 од 25.09.2025 година).

Предлогот од политичката партија Левица се однесува на точките 3 и 10 од Нацрт-упатството.

- За точката 3 се предлага алинеите 1 и 2 од Нацрт-упатството да се преформулираат на начин определен во доставената Претставка, односно се предлага поинакво читање на зборовите „може“, „најмногу“ и „двете“ употребени во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, и тоа:

- „Во максимум 4-те минути наменети за најголемите политички партии од позицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ (Коалиција Твоја Македонија), на политичка партија Движење БЕСА (Коалиција ВЛЕН) и на Движењето ЗНАМ (За наша Македонија) во соодност 3:2:1, односно од вкупно 240 секунди, 120 секунди му припаѓаат на ВМРО-ДПМНЕ, 80 секунди му припаѓаат на ВЛЕН, а 40 секунди му припаѓаат на ЗНАМ;

- Во максимум 4-те минути наменети за најголемите политички партии во опозицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија СДСМ (Коалиција за Локални избори 2025), на политичката партија ДУИ (Национална алијанса за интеграција – НАИ) и на Политичката партија ЛЕВИЦА во соодност 3:2:1, односно од вкупно 240 секунди, 120 секунди му припаѓаат на СДСМ, 80 секунди му припаѓаат на ДУИ, а 40 секунди и припаѓаат на ЛЕВИЦА“.

ПРЕДЛОГОТ НЕ СЕ ПРИФАЌА.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Агенцијата се согласува дека член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик не обезбедува фер услови за пристап до медиумите на сите учесници во изборна кампања и повеќепати досега, и јавно и преку учества во работните групи за измена на Изборниот законик, потенцирала дека е нужно таа да се измени.

Оспоруваната одредба содржана во точка 3 алинеи 1 и 2 од Нацрт-Упатството, произлегува и е условена од законското решение содржано во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик.

Имено, постојната формулација на член 75-ѓ став 1 е таква што зборовите „може“ и „најмногу“, се однесуваат на времето од 4 минути ППР, а не на бројот на политички субјекти што можат да го користат ова време. Бројот на политички субјекти е јасно ограничен и прецизиран на „двете најголеми политички партии“.

Агенцијата, со оспоруваниот акт, не може да излезе од рамките на Изборниот законик, ниту пак да даде поголеми права од она што во него е пропишано, ниту да пропише поинаку отколку Законикот, во услови кога бројот на минутите за ППР и нивната распределба се децидно пропишани.

Поради тоа, наводите содржани во доставената Претставка и предложениот начин да се преформулираат алинеите 1 и 2 од точката 3, не се прифатливи затоа што со нивно прифаќање Агенцијата ќе го надмине своето законско право - да појаснува и операционализира одредби од Изборниот законик и ќе се стави во улога на законодавец.

- За точка 10 од Нацрт-упатството се предлага целосно бришење.

ПРЕДЛОГОТ НЕ СЕ ПРИФАЌА.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Во поглед на одредбата од точка 10 од Нацрт-Упатството, потребно е да се посочи дека таа произлегува од практиката од претходните изборни циклуси. Имено, учесниците во изборна кампања досега нарачувале да се емитува платено политичко рекламирање кое се однесувало на други политички субјекти, и во некои случаи тоа биле спотови со кои ја популаризирале својата поддршка за други подносители на листи.

Согласно член 72 став 3 од Изборниот законик, учесниците во изборната кампања се одговорни за содржината на рекламите чиј нарачател се. Агенцијата постапува во однос на содржината на ППР само во случаите кога се прекршуваат законските забрани за ширење дискриминација и говор на омраза и за непочитување на човековото достоинство.

Со оспоруваната точка 10 од Нацрт-Упатството, интенцијата беше токму да се создадат услови за оневозможување евентуална злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања, на што се укажува во поднесената Претставка.

Со оваа одредба се создава прегледност/јасност за тоа кој ќе ја плати емитуваната реклама во случај кога еден субјект се јавува како нарачател на рекламирањето, а содржината на емитуваната реклама се однесува на друг учесник во изборната кампања. Затоа не се прифати предлогот за бришење на оваа одредба.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**